Даринка ПАЧЕМСКА

# СЛАВКА ФИДАНОВА

## (По повод 60-тиот роденден)

Редовниот професор на Филозофскиот факултет во Скопје, Славка Фиданова е родена на 1 февруари 1920 година во Тетово. Основното и средното образование ги завршила во својот роден град. Во учебната 1938/1939 година се запишала на Правниот факултет во Белград. Таа уште во средното училиште во Тетово се определила за напредното младинско движење, затоа и веднаш по нејзиното доаѓање во Белград активно се вклучила во напредното студентско движење на Белградскиот универзитет. Таа активно учествувала во многубројните студентски акции за одбрана на автономијата на Универзитетот, како и во други масовни протестни манифестации и демонстрации организирани од КПЈ и СКОЈ во Белград. Благодарение на нејзината активност таа била примена за член на организацијата на СКОЈ на Правниот факултет во Белград, а една година подоцна и за член на КПЈ.

Професорката Славка Фидонова во овие немирни години, по избивањето на Втората светска војна, не можела да остане подолго време во Белград и да ги заврши своите студии. За неа партиската работа била најважна. По решение на ПК на КПЈ за Македонија ги напуштила студиите во Белград и се вратила на партиска работа во Тетово. Во јуни 1940 година таа формира месно партиско поверенство во Тетово и станува прв секретар на Месниот комитет на КПЈ за Тетово. Во својство секретар на МК за Тетово присуствува на Партиското советување одржано во Скопје во септември 1940 година и на Покраинското партиско советување одржано исто во Скопје во јануари 1941 година. Проф. Славка Фиданова го организира и Партиското советување одржано во Тетово на 10 април 1941 година.

Проф. Славка Фиданова е учесник во Народноослободителната борба и Народната револуција. Од почетокот на окупацијата до конечното ослободување на Македонија таа извршувала разни партиски и воени задачи. Од август 1941 до август 1942 година се наоѓала на партиска работа во окупирано Скопје. Во тој период, покрај другите задолженија, била и секретар на Градскиот одбор на народната помош во Скопје. Таа

одлучно застанала на страната на оние сили во Партиската организација во Македонија, кои се спротивставиле на покраинскиот секретар Методи Шаторов Шарло кој ја припоил истата организација кон БРП (к) и се застапувала за победата на револуционерната линија на КПЈ за организирање и почеток на вооружената борба во Македонија против окупаторите на Македонија. Од летото 1942 година до ослободувањето била на партиска работа во Тетово и имала разни задолженија: работела на партиската техника, на прифаќање партиски функционери и активисти и нивно префрлување од бугарското окупационо подрачје на територијата на Западна Македонија под италијанска окупација, и сл. Била секретар на МК и на Околискиот комитет на КПМ за Тетово. Поради таа нејзина партиска и револуционерна дејност и нејзиното учество во НОБ, проф. Славка Фиданова е носител на високото признание „Партизанска споменица 1941 година".

Нејзината активност како партиски и општествено-политички работник продолжила и по ослободувањето. Таа станала повереник во Обласниот народноослободителен одбор за Скопска област, секретар на првиот избран Градски народноослободителен одбор во Тетово, член на Обласниот комитет на КПМ и началник на агитационопропагандното одделение при Обласниот комитет на КПМ за Скопска област, секретар на Окружниот одбор на АФЖ, член на Претседателството на Здружението на борците од НОБ на Македонија, делегат и претседател на Одборот за образование, наука и култура во Соборот на здружениот труд на Собранието на СРМ, а сега е член на ЦК на СКМ, член на историската комисија при ЦК на СКМ, член на претседателството на Здружението на борците од НОБ за град Скопје и проректор на Универзитетот „Кирил и Методиј" во Скопје.

*

*   *

Во 1949 година Славка Фиданова ја завршила средната партиска школа во Скопје, а потоа останала да работи како наставник во истата школа и предавала Политичка економија и Историја на меѓународното работничко движење. Во 1952 година се запишала како редовен студент на Групата историја на Филозофскиот факултет во Скопје. Од нејзиното дипломирање во 1957 година до 1960 година била просветен советник при Заводот за школство во Скопска околија. По настојување на Катедрата за историски науки на Филозофскиот факултет во Скопје во 1960 година е избрана на истата катедра во почетокот како асистент, а потоа и за предавач по предметот Најнова историја на народите на Југославија 1918—1945 година, што првпат започнал да се предава по нејзиното доаѓање на Филозофскиот факултет во Скопје. Во 1969 година таа хаби-

литирала со трудот „Скопје во Народноослободителното движење 1941 година“. Истата година била избрана за доцент, а во 1974 година за вонреден професор. Од јуни 1979 година таа е редовен професор на Филозофскиот факултет. Покрај нејзината ангажираност во наставата на втор степен на Наставно-научната студиска група за историја на Филозофскиот факултет во Скопје активно е вклучена и во организирањето и изведувањето на наставата на постдипломските студии од најновата историја на македонскиот народ на истата група.

Проф. Славка Фиданова била и е член на повеќе стручни тела. Повеќе години била член на Редакцијата на сп. Историја-органот на Сојузот на друштвото на историчарите на СРМ. Проф. Фиданова била член и на други стручни органи и комисии во СРМ и СФРЈ, како и на повеќе одбори за организирање на научни собири и симпозиуми. Во моментов е ангажирана за изготвување и реализирање на проектите за пишување историја на КПЈ—СКЈ и КПМ—СКМ. Таа зела учество со реферати на повеќе конгреси и симпозиуми за нашата најнова историја организирани во СРМ и СФРЈ.

И покрај големата општествено-политичка активност, проф. Славка Фиданова покажала големи резултати и во нејзината научно-истражувачка работа. Таа објавила повеќе научни и стручни прилози во разни списанија, зборници и други публикации. Во нив обработува значајни прашања од нашата најнова историја. Меѓу нив посебно место имаат оние трудови кои се посветени на историјата и работата на партиската организација во Македонија во време меѓу двете светски војни и за време на НОБ. Прилозите: Обновувањето, консолидацијата и активноста на КПЈ за Македонија од 1929 до 1934 година; КПЈ во Македонија во времето од 1929 година до Априлската војна; КПЈ и организационо питање; Борбата на КПЈ за создавање политичко единство во Македонија во 1942 година; Напори КПЈ у Македеонији у борби за масе и стварање политичког јединства у току 1941—1942 година; Дваесет години од формирањето на ЦК КПМ, претставуваат солидни научни трудови посветени на целокупната партиска организација во Македонија во определени временски историски периоди и специфични услови.

Во значителен број прилози проф. Фиданова обработила прашања поврзани со историјата и дејноста на одделни партиски организации во Македонија. Тоа се следните прилози: Из рада партијске организације у Тетову; Напори КПЈ за политичко јединство маса у велешком крају 1941—1942; Извесни аспекти на ставовите и држењето на скопските комунисти во времето на подготовките за вооружен отпор против окупаторот; Месниот комитет на КПЈ во Скопје во поткрепа на штрајкачкото движење на скопските работници; Улогата на КПЈ во Скопје во развивањето на НОВ и Револуцијата во 1942 го-

дина; Некои аспекти за активноста на партиската организација во Битолско во борбата за масите 1941 година; Некои моменти од активноста на организацијата на КПЈ во Скопје во годините спроти Априлската војна; Улогата на КПМ во Скопје во НОВ 1943—1945 година.

Слободно можеме да констатираме дека проучувањето историјата и сестраната работа на Скопската партиска оргнизација претставува една од главните преокупации во нејзината научно-истражувачка работа. Резултат на оваа нејзина повеќегодишна работа се и веќе споменатите трудови посветени на Скопската партиска организација. Професорката Славка Фиданова за својот труд Некои моменти од активноста на организацијата на КПЈ во Скопје и околијата во годините спроти Априлската војна, кој всушност претставува и прв поцелосен прилог кон историјата на Скопската партиска организација, ја доби наградата на град Скопје „13 ноември" за 1979 година.

Предмет на нејзиното проучување биле и формирањето и активноста на одделни партизански одреди во Македонија, други форми и средства на отпор во Македонија против окупаторот, Народниот фронт, КПЈ и националното прашање во Македонија, специфичностите при формирањето и дејствувањето на органите на народната власт во Македонија, и други. Досега објавила повеќе од четириесет прилози во кои се третирани наведените прашања и проблеми.

Сите нејзини трудови се базирани на изворна архивска документација и богата литература. Во нив солидно и аргументирано се обработени и синтетизирано претставени мошне значајни прашања од историјата на македонскиот народ и народностите во периодот меѓу двете светски војни и за време на НОБ. Таа е особено упорна, доследна и стрплива при откривањето на објективната вистина за историските настани, во кои и самата била активен субјект. За оваа нејзина педантност и доследност во откривањето на аргументите за објективно интерпретирање на одделни моменти од нашата најнова историја се искажале, во пригодни моменти, и нејзините соборци и колеги во нејзината долгогодишна револуционерна, партиска и општествено-политичка дејност и научно-истражувачка работа.

Токму поради сето ова нејзините научни трудови претставуваат значаен придонес за македонската историографија. Со нив проф. Фиданова се нареди меѓу најдобрите и познати историографи на Народноослободителна борба и Народната револуција на југословенските народи и народности. Долгогодишната партиска и револуционерна активност на проф. Славка Фиданова, учеството во Народноослободителната борба од првите денови на истата, нејзината беспрекорна, доследна и одговорна општествено-политичка работа во самоуправна социјалистичка Југославија претставуваат светол пример за младата генерација и особено за студентите на Наставно-научната сту-

диска група за историја на Филозофскиот факултет во Скопје. Исто така и нејзините научни трудови претставуваат и за идните генерации студенти ќе претставуваат богата литература за предметот Најнова историја на народите и народностите на СФРЈ. Нејзините богато аргументирани и концизни предавања оставаат силен впечаток и предизвикуваат интерес кај студентите на споменатата група на Филозофскиот факултет во Скопје.

*

*   *

За долгогодишната револуционерна, партиска и општествено-политичка работа, проф. Фиданова добила повеќе признанија и одликувања и тоа: „Орден за храброст“, „Орден заслуга за народ со златна ѕвезда“, „Орден братство-единство II ред“, „Орден заслуга за народ II ред“, „Орден на трудот II ред“, „Партизанска споменица 1941“.

По повод нејзиниот 60-ти роденден таа доби и високо одликувањето од другарот Тито „Орден на Републиката со златен венец“. Претседателот на Централниот комитет на СКМ, Ангел Чемерски по истиот повод ѝ ја упати следнава телеграма:

„Драга другарке Славка

По повод твојот шеесетти роденден и високото одликување што ти го додели другарот Тито за долгогодишната револуционерна и општествено-политичка активност од името на Централниот комитет на СКМ и од свое име ти упатувам најсрдечни другарски поздрави и честитки. Вклучена од најраната младост во напредното младинско и комунистичко движење, длабоко сврзана за револуционерното и ослободително дело на работничката класа под раководството на КПЈ и другарот Тито, ти се вгради целосно во Народноослободителната борба и Социјалистичката револуција за остварување национална слобода и социјална правда, за изградба на југословенската братска заедница на рамноправни народи и народности. По ослободувањето и во сегашната развојна етапа на нашата социјалистичка револуција обавувајќи одговорни партиско-политички и општествени должности активно го даваш твојот удел во социјалистичката преобразба на нашето општество и во афирмацијата и развојот на новите општественоекономски и политички односи врз основите на самоуправувањето. Впечатливо богата е и твојата научно-истражувачка и културно просветна дејност при што даде значаен придонес во афирмацијата на македонската историографија и национална култура.

Честитајќи ти го родениот ден, ти посакувам добро здравје, лична среќа и натамошни успеси во твојата творечка општествена дејност и во обавувањето на партиско-политичките должности и задачи".

Изразувајќи ја својата благодарност за повеќегодишната работа како член на Редакцијата и активен соработник на списанието „Историја", Редакцијата ѝ го посветува овој број на професорката Славка Фиданова, со желба и понатаму успешно да ги исполнува општествено-политичките задачи и да постигнува значајни резултати во научно-истражувачката работа.